# Дванаесетте подвизи на херојот Херакле

## Вонредно издание

Изготвил: Ненад Начковски

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Кој бил Херакле?

- Херакле бил мешанец помеѓу човек и бог. Тој бил син на богот Ѕевс и на тебанската кралица Алкмена. Се смета за еден од најголемите херои во хеленската митологија.
- Римјаните го нарекувале Херкул. Поради гревот што го сторил со убиството на неговата сопруга и на неговите три сина, заминал во Делфи да се советува со богот Аполон во неговото пророчиште. Аполон му дал ветување дека неговиот грев ќе се измие ако му служи на кралот Евристеј.
- Кралот Евристеј му поставил дванаесет предизвици кои задолжително бил принуден да ги исполни за да конечно се ослободи од погубниот грев.



Херакле во лавовска наметка со тојага во рака

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски

# 1. Совладување на Немејскиот лав

Првата задача била да го совлада Немејскиот лав. Неговото движење било незабележливо, а телото речиси невидливо.

Ги демнел жителите на градот Немеја. Херакле успеал да го собори со неговата огромна снага откако го зашеметил со ударот од тојагата.

Потоа го стегнал цврсто неговиот врат и го задавил до смрт. Одраната кожа на лавот му ја однел на кралот Евристеј.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски

# 2. Совладување на Лернајската хидра

Втората задача била да ја совлада Лернајската хидра. Хидрата била чудовиште со девет отровни змиски глави од кои едната била бесмртна.

Јолај, синот на неговиот полубрат, му помогнал да ја совлада хидрата. Со оглед на тоа што главите се обновувале по отсекувањето, Херакле му дал задача на Јолај да го гори вратот штом тој ќе ја отсече главата.

Бесмртната глава ја отсекол со златен меч кој го добил од божицата Атена и така го совладал чудовиштето.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 3. Лов на керинејската Златна кошута

Третата задача под налог на кралот Евристеј била ловот на керинејската Златна кошута којашто била толку брза што ги избегнувала сите стрели на ловците.

Животното било особено свето и значајно во очите на божицата Артемида, затоа што нејзините рогови биле златни, а копитата бронзени.

Дури цела година се обидувал Херакле да ја улови со голи раце прикрадувајќи се до неа, сè додека не ја начекал во сон. Го оневозможил бегството на кошутата со мрежна стапица лесно уловувајќи ја.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 4. Лов на Еримантскиот вепар

Четвртата задача била да го улови жив Еримантскиот вепар и да му го однесе на кралот Евристеј.

Вепарот живеел на планината Еримант, а повремено се спуштал до ораниците каде што имало човечка населба. Опустошувал сè на што наидувал и ги застрашувал жителите со неговиот громогласен рик, со челуста од која се слевала бела пенлива слуз, од крутата и густа влакнеста кожа несовладлива со стрелата на ловците.

На Херакле му помогнал кентаурот Хејрон, неговиот пријател. Го советувал да го навлече животното на дебела снежна покривка за да го забави движењето и тогаш може да го улови со мрежа. Откако го уловил, на плеќи му го однел на кралот.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 5. Чистење на шталите на кралот Авгеја

Петтата задача била да ги исчисти шталите на елидскиот крал Авгеја. Тие не биле чистени речиси 30 години.

Кралот имал огромно богатство во добиток. 3000 говеда добил како подарок од неговиот татко богот Хелиј. Бидејќи говедата само се хранеле, а не се чистеле шталите во кои се чувале, било невозможно да се исчисти толкав отпад за период од 30 години.

Херакле успеал за еден ден да ги исчисти сите штали. Како? Знаејќи дека е понижувачки и макотрпно рачно да го чисти шталскиот измет, смислил паметна идеја. Извел тесни канали од реките Алфеј и Пенеј кои го насочиле сопствениот тек кон шталите и го исфрлиле сиот измет преку нив.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски

# 6. Совладување на Стимфалиските птици

Шестата задача била да ги убие птиците околу Стимфалиското Езеро во Аркадија. Тие биле необични. Имале бронзени клунови и остри метални пердуви, а ранливи само на градите. Животните му биле посветени на богот Арес.

Тие ги ловеле луѓето, а при лов гаѓале со нашилените бронзени перја кон метата, додека нивниот измет кој го исфрлале од височините бил отровен. Ги пустошеле и нивите околу аркадиските села.

Божицата Атена го советувала да се искачи на карпа, а потоа му дала две ѕвечалки изработени од богот Хефајст. Нивното неподносливо звечкање ги зашеметило и вознемирило птиците, така што Херакле стрелајќи ги изгонил од Аркадија засекогаш.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 7. Лов на Критскиот бик

Седмата задача на Херакле била ловот на Критскиот бик, таткото на Минотаур. Долго време ги опустошувал узреаните посеви и ги уривал овоштарниците на ос. Крит, така што никој не успеал да го скроти.

Откако добил дозвола од кралот Миној, Херакле тргнал во лов на бикот. Успеал со голи раце да го дограби и да го одвлече назад до кралот Евристеј. Кралот толку се исплашил од бикот, што наредил веднаш да ѝ се принесе на божицата Хера како жртва. Хера го одбила подарокот и тој го отпуштил нескротливиот бик. Критскиот бик се упатил во Маратон каде што го нарекле Маратонски бик.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 8. Кражба на Диомедовите кобили

Осмата задача на Херакле била да ги украде четирите кобили на тракискиот крал Диомед. Кобилите биле човекојадци, секоја со свое име: Подарга (брза), Лампон (сјајна), Ксанта (жолта) и Дејна (страшна).

Нивната свирепа природа Херакле успеал да ја скроти откако го убил кралот Диомед. Им го фрлил трупот да се нахранат кобилите со него со цел да ги успокои. Потоа ги зауздил врзувајќи им ги нивните усни.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 9. Донесување на појасот на Хиполита

Деветтата задача на Херакле била да го земе појасот на амазонската кралица Хиполита и да му го врачи на кралот Евристеј. Целта била кралот да ѝ го подари на сопствената ќерка.

Хиполита била една од највоинствените жени меѓу Амазонките. Појасот ѝ го подарил богот Арес.

Откако божицата Хера вмешала прсти сеејќи го семето на недоверба меѓу Амазонките, Херакле немал друг избор освен да се бори со нив и да ја убие Хиполита.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 10. Грабнување на Герионовото стадо

За да ја исполни десеттата задача, Херакле отпатувал кон островот Еритеја откако богот Хелиј се смилувал врз него и му подарил огромна златна чаша која му послужила како пловило. Задачата била да го украде стадото на триглавиот џин Герион. Меѓутоа, се соочил со опасност. Стадото го чувал еден двоглав пес Ортар, братот на песот Кербер од подземниот свет. Херакле го струполил на земја со силен удар од тојагата.



Откако го совладал и говедарот Евритиј, на крајот се соочил со џинот. Го оптегнал лакот со стрела натопена во отровната крв на Лернајската хидра и гаѓал точно врз челото на една од главите на Герион усмртувајќи го за кусо време.

Го понел стадото и му го донел на кралот Евристеј.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски

# 11. Кражба на златните јаболка од градината на Хесперидите

За да ја исполни единаесеттата задача, Херакле бил задолжен да украде три јаболка од градината на Хесперидите, ќерките на титанот Атлант.

На патот кон Далечниот Запад го сретнал титанот Прометеј, окован на карпа на пл. Кавкас. Ги разбил синџирите и го ослободил од многугодишните маки. Прометеј му го покажал патот и му објаснил како да ги украде златните јаболка од нимфите Хеспериди.

Кога по долго патешествие стасал во градината, побарал од Атланта да му донесе три златни јаболка, а за возврат овој да му го придржи небесниот свод. Бидејќи Атлант сакал да го измами, му предложил тој да ги однесе јаболката на кралот Евристеј. Херакле, сфаќајќи ја лукавоста на Атлант, го замолил само накусо да го придржи небесниот свод додека овој ја поднамести облеката. Штом Атлант го потпрел сводот на плеќи, Херакле ги грабнал јаболката и си заминал.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски

# 12. Грабнување на триглавиот пес Кербер



За да ја исполни последната дванаесетта задача, Херакле требал да добие дозвола за влез во подземниот свет како живо суштество. Првин се иницирал во елевсинските мистерии, преку чии тајни се стекнал со знаења за премин на „другата страна“.

Стигнал до Тајнар каде што била пештерата за влез во подземјето. Го придружиле божицата Атена и богот Хермес, а божицата Хестија преговарала со чамџијата Харон да го превезе на другата страна од реката Ахеронт.

Се обидел да ги ослободи славните херои Тесеј и Пиритој, кои биле заробени од богот Хад затоа што сакале да му ја грабнат неговата сопруга Персефона, меѓутоа, на Херакле не му успеало.

Откако го открил престолот на Хад, го замолил да му дозволи да го изнесе Кербера. Хад му дозволил да го врзе без употреба на оружје и тогаш да му го однесе на кралот Евристеј. Кога кралот го видел, толку се застрашил што веднаш побарал да го врати назад и повеќе не му дал ниту една задача.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Потрага по златното руно

По исполнувањето на дванаесетте задачи Херакле го откупил сопствениот грев и се стекнал со огромна слава.

Се придружил на група херои кои броеле 50-тина во потрага по златното руно во митот за Аргонаутите.

Пловејќи по морето со коработ Арго на пат кон Колхида поминале низ разни опасни авантури додека да го откријат местото каде што се крие златното руно.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND